# АНАЛИЗА на нивото на
# РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ
## кај јавните институции во 2019 година

ECE ECE

## *Препораки за унапредување на нивото на реактивна транспарентност:*

1. Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да преземе чекори за искоренување на практиката на молчењето на јавната администрација како клучна слабост во спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, преку: воспоставување на електронски систем за поднесување и следење на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер; санкционирање на раководните лица на имателите на информации кои молчат; спроведување на истражување помеѓу оние иматели кои молчеле со цел идентификување на клучните причини за молчењето и подготовка на план за нивно надминување.

2. Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да направи анализа на причините заради кои имателите на информации од јавен карактер доставуваат одговори на поднесените барања во период подолг од законски пропишаниот и врз основа на оваа анализа да се преземат конкретни чекори за надминување на овој проблем. Ова е особено важно заради фактот што со измените и дополнувањата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од 2020 година, рокот за доставување на одговор е намален на половина од претходно предвидениот.

3. Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да ја зголеми ефикасноста во своето постапување и овозможи секој барател да ја добие бараната информација во законски предвидениот рок, односно да преземе чекори за отстранување на пречките кои може да доведат до постапување во рок подолг од законски пропишаниот.

4. Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во соработка со Министерот задолжен за транспарентност и отчетност и граѓанските организации да формира работна група за воспоставување на параметри и механизам за оценување на нивото на почитување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на сите иматели на информации.

5. Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во соработка со Министерот задолжен за транспарентност и отчетност да преземат чекори за утврдување на причините за намалување на бројот на доставени информации (7% помалку информации) и промена во постапувањето од страна на имателите на информации од јавен карактер во 2019 година во споредба со претходните две години (одредени институции како на пример ФЗОМ, презентирани во анекс 2, престанале да обезбедуваат информации на поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер).

6. Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да преземе чекори со кои ќе гарантира прогресивна реализација на правото на пристап до информации, односно да преземе чекори со кои ќе осигури дека сите иматели на информации од јавен карактер ќе постапуваат унифицирано и без промени низ текот на годините.

7. Јавните институции кои немаат промена во нивото на реактивна транспарентност (и во 2019 година останале нетранспарентни или пак делумно транспарентни) или пак имаат уназадување во нивото на реактивна транспарентност да преземат итни чекори за унапредување на своето постапување и примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а пак Комисијата да осигури дека овие институции работат согласно Законот (види дел IV од оваа анализа).

# I. ВОВЕД

• Со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации, и им се овозможува на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Иматели на јавни информации се сите органи на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, Градот Скопје и општините во градот, установите и јавните служби, јавните претпријатија, и сите правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон.

Оваа анализа има за цел да ги идентификува јавните институции, иматели на информации од јавен карактер, кои не го почитуваат или пак делумно го почитуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, и со тоа да го прикаже нивното ниво на реактивна транспарентност во 2019 година. Дополнително, оваа анализа прави споредба на оцената на нивото на реактивна транспарентност која овие институции во 2017 и 2018 година со истата во 2019 година, а со цел да се прикаже степенот на нивниот напредок или уназадување. Освен тоа, оваа анализа дава и препораки за начинот и можноста за унапредување на нивото на реактивна транспарентност, и подобрување на квалитетот на информациите кои тие ги презентираат на јавноста, односно на барателите на информации.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА АНАЛИЗАТА

Анализата на постапките е направена по пат на оценка на транспарентноста на секоја институција од аспект на осум параметри и тоа:

- → број на добиени одговори во редовна постапка;
- → број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка;
- → број на одбиени барања или пак запрени постапки од страна на имателите на информации од јавен карактер;
- → број на барања по кои имателите молчеле;
- → број на доставени жалби до имателите на информации од јавен карактер
- → број на жалби по кои е добиен одговор
- → просечен период на добивање на одговор на доставени барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и жалбена постапка;
- → просечен период на добивање на одговор во жалбена постапка поради незадоволство од добиениот одговор.

*Секој од наведените параметри се разгледува како процент од вкупно доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до секоја од институциите.*

| Добиените проценти се претвораат во оценка / боја утврдена со претходно развиена матрица за оценка, во која: | | |
|---|---|---|
| | 0 | – ОЗНАЧУВА НЕТРАНСПАРЕНТНА ИНСТУЦИЈА / ЦРВЕНО |
| | 1 | – ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТНА / ЖОЛТО |
| | 2 | – ТРАНСПАРЕНТНА / ЗЕЛЕНО |

*Збирната оценка за секоја институција претставува оценка добиена како просек од поединечните оценки на поединечните претходно наведени параметри.*

# II. НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2019 ГОДИНА

Анализата на реактивната транспарентност на 89 институции (здравствени домови, општи болници, клиники, клинички болници, центри за јавно здравје, институти, Фонд за здравствено осигурување на РСМ, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ, министерства, АВРСМ, Централен регистар на РСМ, итн.), покажува дека 20 (22,47%) институции во текот на 2019 година не работеле во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно се реактивно нетранспарентни институции. Делумно транспарентни институции биле вкупно 34 (38,20%), односно делумно го почитувале законот и реактивно транспарентни институции биле вкупно 35 (39,33%) кои работеле во согласност со овој Закон *(види табела 1)*.

Во 2019 година до 89 јавни институции беа испратени вкупно 2.173 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Анализата на спроведените постапки (барања) ги покажа следните резултати: во редовна постапка се добиени одговори на 1.737 барања ( 79,94 % од вкупниот број на барања); некомплетен одговор е добиен на три (3) барања или 7,69% од вкупниот број на барања; бројот на одбиени барања / запрени постапки изнесува 9 (0,52% од вкупниот број на барања); и бројот на барања по кои институциите молчеле изнесува 432 (18,88%). Во текот на 2019 година до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер доставени се 411 жалби (18,91% од вкупниот број испратени барања), од кои четири (4) жалби се поднесени поради одбиени барања/запрени постапки, три (3) жалби се поднесени поради некомплетен одговор и 404 жалби се поднесени поради молчење на јавните институции. Бројот на жалби по кои е добиен одговор изнесува 75 (18,25% од вкупен број доставени жалби).

Просечниот број на денови на добивање на одговор сметано од денот на поднесување на барањето изнесува 74 дена или пак повеќе од еден месец од законски пропишаниот рок. Просечниот број на денови на донесување на решение по поднесена жалба сметано од денот на поднесување на жалбата изнесува 160,64 денови додека просечниот број на денови на добивање на одговор сметано од ден на поднесување на жалбата изнесува 155 денови, што е за четири месеци повеќе од законски пропишаниот рок за донесување на решение и обезбедување на одговор на поднесената жалба.

Анализата на добиените одговори покажува дека 66 мониторирани институции (74,16%) доставиле одговори во редовна постапка, со процент на одговорени барања од 91-100% (АВРСМ, Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Битола и Скопје, здравствени домови, Институт за јавно здравје, Институт за микробиологија и паразитологија, клинички болници, општи болници, министерства, две Универзитетски клиники, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ, Центри за јавно здравје). Една институција (Центар за јавно здравје Охрид) одговорила на 86% од барањата во редовна постапка, 22 мониторирани институции (24,72%) доставиле одговор со процент на одговорени барања од 0-80% (Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ, Генерален секретаријат на Влада на РСМ, три здравствени домови, ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, Скопје, Македонско лекарско друштво, Министерство за здравство, девет општи болници, Програма за развој на Обединетите нации, Универзитетски институт за радиологија, Фонд за здравствено осигурување на РСМ, Центар за јавно здравје Струмица и Централен регистар на РСМ). *(види анекс 1)*

Институција која во најкус рок доставила одговор на поднесено барање е Завод за рехабилитација на слух говор и глас Битола (7 дена), додека институција која најмногу доцни со доставување на одговор на поднесено барање е ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, Скопје (312 денови). Институции кои воопшто не доставиле одговор се Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ, три здравствени домови, ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, Скопје, Македонско лекарско друштво, пет општи болници, Програма за развој на Обединетите нации, Универзитетски институт за радиологија, Центар за јавно здравје Струмица и Централен регистар на РСМ. *(види анекс 1)*

## ЛЕГЕНДА ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ:

★ **НЕТРАНСПАРЕНТЕН**
нетранспарентна институција е онаа што има одговорено на помалку од 80 % од барањата во редовна постапка; има над 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок подолг од 41 ден од денот на поднесување на барањата.

★ **ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН**
делумно транспарентна институција е онаа што има одговорено на 81 - 90 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0,1 - 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 31 до 40 дена од денот на поднесување на барањата.

★ **ТРАНСПАРЕНТЕН**
транспарентна институција е онаа што има одговорено на 91 до 100 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0 - 0,1 % нецелосно одговори; 0 % одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 0 до 30 дена од денот на поднесување на барањата.

# Табела 1. РАНГ-ЛИСТА НА ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ И ОД ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР ОД АСПЕКТ НА НИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТВОРЕНОСТ

**РЕАКТИВНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ во 2019 година вкупно 35 (39,33%)**

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА |
|---|---|
| **I.** | **Здравствени домови** |
| 1 | Здравствен дом Битола |
| 2 | Здравствен дом Вевчани |
| 3 | Здравствен дом Велес |
| 4 | Здравствен дом Виница |
| 5 | Здравствен дом Железничар |
| 6 | Здравствен дом Крушево |
| 7 | Здравствен дом Куманово |
| 8 | Здравствен дом Македонски Брод |
| 9 | Здравствен дом Неготино |
| 10 | Здравствен дом Пехчево |
| 11 | Здравствен дом Радовиш |
| 12 | Здравствен дом с. Ростуше |
| 13 | Здравствен дом Струга |
| 14 | Здравствен дом Штип |
| **II.** | **Универзитетски клиники, општи, клинички и специјалистички болници** |
| 15 | Општа болница - Струга |
| 16 | Општа болница Кичево |
| 17 | Специјална болница по гинекологија и акушерство Мајка Тереза |
| 18 | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство |
| **III.** | **Институти и Центри за јавно здравје** |
| 19 | Центар за јавно здравје Куманово |
| 20 | Центар за јавно здравје Прилеп |
| 21 | Центар за јавно здравје Тетово |
| 22 | Центар за јавно здравје Штип |
| 23 | Институт за микробиологија и паразитологија |
| **IV.** | **Останати здравствени установи** |
| 24 | Завод за рехабилитација на слух говор и глас Битола |
| 25 | Завод за рехабилитација на слух говор и глас Скопје |
| 26 | Медицински факултет Скопје-Центар за семејна медицина |
| **V.** | **Министерства, агенции и фондови** |
| 27 | Министерство за внатрешни работи |
| 28 | Министерство за економија |
| 29 | Министерство за животна средна и просторно планирање |
| 30 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопан. |
| 31 | Министерство за информатичко општ. и администрација |
| 32 | Министерство за надворешни работи |
| 33 | Министерство за одбрана |
| 34 | Министерство за локална самоуправа |
| 35 | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување |

**ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ во 2019 година вкупно 34 (38,20%)**

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА |
|---|---|
| **I.** | **Здравствени домови** |
| 1 | Здравствен дом Гостивар |
| 2 | Здравствен дом Делчево |
| 3 | Здравствен дом Демир Хисар |
| 4 | Здравствен дом Кратово |
| 5 | Здравствен дом Крива Паланка |
| 6 | Здравствен дом Охрид |
| 7 | Здравствен дом Пробиштип |
| 8 | Здравствен дом Ресен |
| 9 | Здравствен дом Свети Николе |
| 10 | Здравствен дом Скопје |
| 11 | Здравствен дом Струмица |
| 12 | Здравствен дом Тетово |
| **II.** | **Универзитетски клиники, општи, клинички и специјалистички болници** |
| 13 | Клиничка болница - Тетово |
| 14 | Клиничка болница "д-р Трифун Пановски" - Битола |
| 15 | Клиничка болница Штип |
| 16 | Општа болница 8-ми Септември - Скопје |
| 17 | Општа болница со проширена дејност - Кавадарци |
| 18 | Универзитетска клиника за детски болести |
| **III.** | **Институти и Центри за јавно здравје** |
| 19 | Институт за јавно здравје |
| 20 | Центар за јавно здравје Битола |
| 21 | Центар за јавно здравје Велес |
| 22 | Центар за јавно здравје Кочани |
| 23 | Центар за јавно здравје Охрид |
| 24 | Центар за јавно здравје Скопје |
| **IV.** | **Останати здравствени установи** |
| 25 | Управа за електронско здравство |
| **V.** | **Министерства, агенции и фондови** |
| 26 | Агенција за вработување на РСМ |
| 27 | Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ |
| 28 | Генерален секретаријат на Влада на РСМ |
| 29 | Министерство за култура |
| 30 | Министерство за образование и наука |
| 31 | Министерство за правда |
| 32 | Министерство за транспорт и врски |
| 33 | Министерство за труд и социјална политика |
| 34 | Министерство за финансии |

**РЕАКТИВНО НЕТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ во 2019 година вкупно 20 (22,47%)**

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА |
|---|---|
| **I.** | **Здравствени домови** |
| 1 | Здравствен дом Берово |
| 2 | Здравствен дом Кичево |
| 3 | Здравствен дом Прилеп |
| **II.** | **Универзитетски клиники, општи, клинички и специјалистички болници** |
| 4 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотер. и онкологија, Скопје |
| 5 | Општа болница Борка Талески, Прилеп |
| 6 | Општа болница Велес |
| 7 | Општа болница Куманово |
| 8 | Општа болница Охрид |
| 9 | Општа болница со проширена дејност - Гевгелија |
| 10 | Општа болница со проширена дејност - Дебар |
| 11 | Општа болница со проширена дејност - Кочани |
| 12 | Општа болница Струмица |
| 13 | Општа болница Ферид Мурад Гостивар |
| **III.** | **Институти и Центри за јавно здравје** |
| 14 | Центар за јавно здравје Струмица |
| 15 | Универзитетски институт за радиологија |
| **IV.** | **Останати здравствени установи** |
| 16 | Македонско Лекарско Друштво |
| **V.** | **Министерства, агенции и фондови** |
| 17 | Министерство за здравство |
| 18 | Програма за развој на Обединетите нации |
| 19 | Фонд за здравствено осигурување на РСМ |
| 20 | Централен регистар на РСМ |

# III. НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА ПОЕДИНЕЧНИ ПАРАМЕТРИ ПРИ ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОЦЕНАТА НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА 2019 ГОДИНА ВО СПОРЕДБА СО 2017 и 2018 ГОДИНА

Во 2019 година биле мониторирани 89 јавни и здравствени институции, за 17 повеќе во однос на 2018 година, и за 24 институции повеќе во однос на 2017 година. Овој и сите останати параметри сумарно за сите три години се прикажани во табела 2. Кон јавните институции биле испратени 2.173 барања или за 1.136 барања повеќе во однос на 2018 година и 835 повеќе во однос на 2017 година.

Процентот на добиени одговори во редовна постапка во 2019 година изнесува 79.94% (1.737 одговори), додека во 2018 и 2017 изнесува 87 % од барањата кои биле поднесени. Се забележува намалување на процентот на добиени одговори за 7% проценти во 2019 година.

Значајно е да се истакне дека во 2019 година се забележува намалување на број на барања по кои е добиен некомплетен одговор во однос на претходните две години. Односно, во 2019 година некомплетен одговор е доставен само на три барања и тоа од една институција Здравствен дом Делчево (0,14% од вкупно поднесените барања), додека во 2018 година добиени се 98 некомплетни одговори (9,45% од вкупно поднесените барања) и во 2017 година 7 (0,52%).

Процентот на неодговорени барања во редовна постапка во 2019 година изнесува 7,69% што е за 1,76% помалку во споредба со 2018 година кога изнесувал 9,45%. Но, во споредба со 2017 година (0,52%) овој процент е поголем за 7,17% што претставува значително зголемување на бројот на неодговорени барања во редовна постапка. Исто така, во однос на бројот на одбиени барања / запрени постапки во 2019 година се забележува зголемување на процентот кој изнесува 0,52% (9 барања), во 2018 година нема одбиени барања, а во 2017 процентот изнесувал 0,26% (3 барања).

Број на доставени жалби до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во 2019 година изнесува 411 (18,91% од вкупниот број испратени барања), што е за 3,56% помалку споредено со 2018 година кога бројот на доставени жалби до Комисијата изнесувал 233 (22,47%), и за 6,73% повеќе во однос на 2017 година кога бројот на доставени жалби изнесувал 163 (12,18%).

Во 2019 година е зголемен бројот на барања на кои институциите молчеле, вкупно 432 барања (18,88%) поднесени до 22 институции во споредба со 2018 година кога се евидентирани 136 барања (13,11%), што претставува зголемување од 5,77%, и во споредба со 2017 година зголемување од 6,47%, кога се евидентирани 166 барања (12,41%) на кои институциите молчеле.

Во 2019 година, во однос на претходната, се забележува зголемување на просечениот број на денови на добивање на одговор сметано од денот на поднесување на жалба поради незадоволство од одговор од 150 во 2018 година на 155 денови во 2019.

Табела 2. Сумарен приказ на поединечните параметри во 2019, 2018 и 2017 година

| ПОЕДИНЕЧНИ ПАРАМЕТРИ ↓ | 2019 | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| Број на мониторирани институции | 89 | 72 | 65 |
| Број на поднесени барања | 2173 | 1037 | 1338 |
| Број на добиени одговори во редовна постапка | 1737 | 901 | 1163 |
| Процент на добиени одговори во редовна постапка | 79,94 | 87,00 | 86,92 |
| Број на барања по кои е добиен некомплетен одговор | 3 | 98 | 7 |
| Процент на неодговорени барања во редовна постапка | 7,69 | 9,45 | 0,52 |
| Број на одбиени барања/запрени постапки | 9 | 0 | 3 |
| Процент на одбиени барања од одговорени | 0,52 | 0 | 0,26 |
| Број на барања на кои институциите молчеле | 432 | 136 | 166 |
| Процент на барања по кои молчеле | 18,88 | 13,11 | 12,41 |
| Просечен број на денови на добивање на одговор сметано од денот на неговото поднесување | 74,18 | 68,17 | 41,25 |
| Број на доставени жалби | 411 | 233 | 163 |
| Процент на испратени жалби од вкупниот број на испратени барања | 18,91 | 22,47 | 12,18 |
| Број на жалби по кои е добиен одговор | 75 | / | / |
| Процент на жалби по кои е добиен одговор | 18,25 | / | / |
| Просечен број на денови на добивање на одговор сметано од поднесување на жалба поради незадоволство од одговор | 155 | 150,33 | / |
| Просечен број на денови на донесување на решение по поднесена жалба сметано од денот на поднесена жалба | 160,64 | / | / |

## IV. НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА ПРОМЕНИТЕ НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО 2019 ВО ОДНОС НА 2017 И 2018 ГОДИНА

Од добиените наоди при споредба на оцените кои јавните институции ги добиле во 2019 и 2018 година може да заклучиме дека напредок во нивото на реактивната транспарентност се бележи кај дваесет и една (21) институција и тоа *(види анекс 2)*:

- **Осум (8) институции:** Здравствен дом Неготино, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за локална самоуправа, Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Центар за јавно здравје Тетово и Центар за јавно здравје Штип **преминале од реактивно нетранспарентни во реактивно транспарентни**. Овие институции во 2019 година одговориле на сите примени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, во споредба со претходната година кога не доставиле одговори во редовна постапка.
- **Пет (5) институции:** Здравствен дом Битола, Здравствен дом Виница, Здравствен дом Македонски Брод, Здравствен дом с. Ростуше и Министерство за одбрана **преминале од делумно транспарентна институција во реактивно транспарентна** како резултат на поднесување на одговор на примените барања во редовна постапка и во краток период.
- **Осум (8) институции:** Здравствен дом Гостивар, Здравствен дом Делчево, Министерство за култура, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Центар за јавно здравје Велес, Центар за јавно здравје Кочани и Центар за јавно здравје Охрид **преминале од реактивно нетранспарентни во делумно транспарентни институции** поради недоставување на сите барани информации во редовна постапка.

**Уназадување** во 2019 година во однос на 2018 година на нивото на реактивна транспарентност се забележува кај седум (7) од мониторираните институции и тоа:

- **Само една (1) институција** преминала од **реактивно транспарентна во реактивно нетранспарентна институција**. Тоа е Фонд за здравствено осигурување на РСМ. Од четири поднесени барања, Фондот доставил одговор во редовна постапка само на едно барање.
- Центар за јавно здравје Струмица **од делумно транспарентна преминал во нетранспарентна институција** поради недоставување на ниту еден одговор во редовна постапка.
- Пет (5) институции **од транспарентни преминале во делумно транспарентни институции**: Здравствените домови во Демир Хисар, Кратово, Крива Паланка, Охрид и Струмица поради прекорачување на рокот за доставување одговор.

Од мониторираните институции постојат и такви **каде нема промена во нивото на реактивната транспарентност.** Во 2019 година од вкупно 89 институции кај триесет и пет (35) институции не е забележана промена во нивото на реактивна транспарентност во однос на 2017 и 2018 година (види анекс 2).

**Транспарентни институции остануваат седумнаесет (17)**: Завод за рехабилитација на слух говор и глас Скопје, ЗД Вевчани, ЗД Велес, ЗД Железничар, ЗД Крушево, ЗД Куманово, ЗД Пехчево, ЗД Радовиш, ЗД Струга, ЗД Штип, Министерство за внатрешни работи, Министерство за економија, Министерство за надворешни работи, Специјална болница по гинекологија и акушерство Мајка Тереза, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Центар за јавно здравје Куманово, Центар за јавно здравје Прилеп. Овие институции го почитувале рокот за доставување информации и документи.

**Делумно транспарентни остануваат тринаесет (13) институции**: Агенција за вработување на РСМ (поради пет одбиени барања/запрени постапки), Здравствен дом Пробиштип, Ресен, Свети Николе, Скопје, Тетово, Институт за јавно здравје, Министерство за правда, Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии, Универзитетска клиника за детски болести, Центар за јавно здравје Битола и во Скопје (поради прекорачување на рокот за одговор).

**Реактивно нетранспарентни институции остануваат вкупно пет (5)**: Здравствените домови во Берово, Кичево, Прилеп (воопшто не доставиле одговор на доставените барања согласно Законот за доставување информации од јавен карактер), Министерство за здравство (одговориле на 6% барања во редовна постапка) и Општа болница Струмица (одговориле само на 45% барања во редовна постапка).

# АНЕКС 1.

## Оценки на секоја институција по поединечни параметри за 2019 година

# ОЦЕНКИ НА ПОЕДИНЕЧНИ ПАРАМЕТРИ

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА | Број на добиени одговори во редовна постапка (1) | Број на барања по кои е добиен некомплетен одговор (2) | Број на одбиени барања/ запрени постапки (3) | Број на барања на кои институциите молчеле (4) | Просечен број на денови на добивање на одговор сметано од денот на неговото поднесување (5) | Просечен број на денови на донесување на решение по поднесена жалба сметано од денот на поднесена жалба (6) | Просечен број на денови на добивање на одговор сметано од ден на поднесување на жалба (7) | ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА ПО ИНСТИТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I.** | **I. Здравствени домови** | | | | | | | | |
| 1 | Здравствен дом Берово | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 2 | Здравствен дом Битола | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 3 | Здравствен дом Вевчани | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 4 | Здравствен дом Велес | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 5 | Здравствен дом Виница | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 6 | Здравствен дом Гостивар | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 7 | Здравствен дом Делчево | 2.00 | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 155 | 155 | ★ (yellow) |
| 8 | Здравствен дом Демир Хисар | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 9 | Здравствен Дом Железничар | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 10 | Здравствен дом Кичево | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 9 | ★ (red) |
| 11 | Здравствен дом Кратово | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 12 | Здравствен дом Крива Паланка | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 13 | Здравствен дом Крушево | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 14 | Здравствен дом Куманово | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 15 | Здравствен дом Македонски Брод | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 16 | Здравствен дом Неготино | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 17 | Здравствен дом Охрид | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 18 | Здравствен дом Пехчево | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 19 | Здравствен дом Прилеп | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 32 | ★ (red) |
| 20 | Здравствен дом Пробиштип | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 21 | Здравствен дом Радовиш | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 22 | Здравствен дом Ресен | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 23 | Здравствен дом с. Ростуше | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 24 | Здравствен дом Свети Николе | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 25 | Здравствен дом Скопје | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 26 | Здравствен дом Струга | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 27 | Здравствен дом Струмица | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 28 | Здравствен дом Тетово | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 29 | Здравствен дом Штип | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| **II.** | **Универзитетски клиники, општи, клинички и специјалистички болници** | | | | | | | | |
| 30 | ЈЗУ Универз. клиника за радиотерапија и онкологија, Скопје | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 31 | Клиничка болница - Тетово | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 32 | Клиничка болница "д-р Трифун Пановски" - Битола | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 33 | Клиничка болница Штип | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | | | ★ (yellow) |
| 34 | Општа болница - Струга | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 155 | 155 | ★ (green) |
| 35 | Општа болница 8-ми Септември Скопје | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 36 | Општа болница Борка Талески Прилеп | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 37 | Општа болница Велес | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 38 | Општа болница Кичево | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 39 | Општа болница Куманово | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 40 | Општа болница Охрид | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 41 | Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 42 | Општа болница со проширена дејност - Дебар | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 43 | Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 44 | Општа болница со проширена дејност - Кочани | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 45 | Општа болница Струмица | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 46 | Општа болница Ферид Мурад Гостивар | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 47 | Спец.болница по гинекологија и акушерство Мајка Тереза | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 48 | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 49 | Универзитетска клиника за детски болести | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 50 | Универзитетски институт за радиологија | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА | Број на добиени одговори во редовна постапка (1) | Број на барања по кои е добиен неком-плетен одговор (2) | Број на одбиени барања/ запрени постапки (3) | Број на барања на кои инсти-туциите молчеле (4) | Просечен број на денови на добивање на одговор сме-тано од денот на неговото поднесување (5) | Просечен број на денови на донесување на решение по поднесена жалба смета-но од денот на поднесе-на жалба (6) | Просечен број на денови на добивање на одговор сметано од ден на под-несување на жалба (7) | ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА ПО ИНСТИ-ТУЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **III.** | **Институти и Центри за јавно здравје** | | | | | | | | |
| 51 | Институт за јавно здравје | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 52 | Институт за микробиологија и паразитологија | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 53 | Центар за јавно здравје Битола | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 54 | Центар за јавно здравје Велес | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 55 | Центар за јавно здравје Кочани | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 56 | Центар за јавно здравје Куманово | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 57 | Центар за јавно здравје Охрид | 1.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (yellow) |
| 58 | Центар за јавно здравје Прилеп | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 59 | Центар за јавно здравје Скопје | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 60 | Центар за јавно здравје Струмица | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 61 | Центар за јавно здравје Тетово | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 62 | Центар за јавно здравје Штип | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| **IV.** | **Останати здравствени установи** | | | | | | | | |
| 63 | Завод за рехабилитација на слух говор и глас Битола | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 64 | Завод за рехабилитација на слух говор и глас - Скопје | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 65 | Македонско лекарско друштво | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |
| 66 | Медицински факултет Скопје - центар за семејна медицина | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 67 | Управа за електронско здравство | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| **V.** | **Министерства, агенции и фондови** | | | | | | | | |
| 68 | Агенција за вработување на РСМ | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ☆ (white) |
| 69 | Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ | 0.00 | 2.00 | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 225 | 225 | ★ (yellow) |
| 70 | Генерален секретаријат на Влада на РСМ | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 71 | Министерство за внатрешни работи | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 72 | Министерство за економија | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 73 | Министерство за животна средна и просторно планирање | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 74 | Министерство за здравство | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 209 | 209 | ★ (red) |
| 75 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 76 | Министерство за информатичко општ. и администрација | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 77 | Министерство за култура | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 78 | Министерство за надворешни работи | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 79 | Министерство за образование и наука | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 80 | Министерство за одбрана | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 81 | Министерство за правда | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 82 | Министерство за транспорт и врски | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 83 | Министерство за труд и социјална политика | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 1.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 84 | Министерство за финансии | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | / | / | ★ (yellow) |
| 85 | Министерство за локална самоуправа | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 86 | Програма за развој на Обединетите нации | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | ★ (red) |
| 87 | Фонд за здравствено осигурување на РСМ | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | ★ (red) |
| 88 | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | 2.00 | / | / | ★ (green) |
| 89 | Централен регистар на РСМ | 0.00 | 2.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 155 | 155 | ★ (red) |

ЛЕГЕНДА: "/" - До институцијата не се поднесени жалби во тековната година.

# АНЕКС 2.

## Просечна оценка по институција и преглед на нивото на транспарентност во 2019 во однос на 2018 и 2017 година

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА | Просечна оценка по институција 2019 | Просечна оценка по институција 2018 | Просечна оценка по институција 2017 | 2019/2018 | 2019/2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I.** | **I. Здравствени домови** | | | | | |
| 1 | Здравствен дом Берово | ★ црвена | ★ црвена | ★ зелена | = ★ жолта | = ★ жолта |
| 2 | Здравствен дом Битола | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена | ↑ ★ зелена | = ★ жолта |
| 3 | Здравствен дом Вевчани | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | = ★ жолта | = ★ жолта |
| 4 | Здравствен дом Велес | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | = ★ жолта | = ★ жолта |
| 5 | Здравствен дом Виница | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена | ↑ ★ зелена | = ★ жолта |
| 6 | Здравствен дом Гостивар | ★ жолта | ★ црвена | ★ жолта | ↑ ★ зелена | = ★ жолта |
| 7 | Здравствен дом Делчево | ★ жолта | ★ црвена | / ☆ | ↑ ★ зелена | / ☆ |
| 8 | Здравствен дом Демир Хисар | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ↓ ★ црвена | ↓ ★ црвена |
| 9 | Здравствен Дом Железничар | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | = ★ жолта | ↑ ★ зелена |
| 10 | Здравствен дом Кичево | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | = ★ жолта | = ★ жолта |
| 11 | Здравствен дом Кратово | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ↓ ★ црвена | ↓ ★ црвена |
| 12 | Здравствен дом Крива Паланка | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ↓ ★ црвена | ↓ ★ црвена |
| 13 | Здравствен дом Крушево | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | = ★ жолта | = ★ жолта |
| 14 | Здравствен дом Куманово | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | = ★ жолта | = ★ жолта |
| 15 | Здравствен дом Македонски Брод | ★ зелена | ★ жолта | ★ црвена | ↑ ★ зелена | ↑ ★ зелена |
| 16 | Здравствен дом Неготино | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ↑ ★ зелена | = ★ жолта |
| 17 | Здравствен дом Охрид | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ↓ ★ црвена | ↓ ★ црвена |
| 18 | Здравствен дом Пехчево | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | = ★ жолта | = ★ жолта |
| 19 | Здравствен дом Прилеп | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | = ★ жолта | = ★ жолта |
| 20 | Здравствен дом Пробиштип | ★ жолта | ★ жолта | ★ зелена | = ★ жолта | ↓ ★ црвена |
| 21 | Здравствен дом Радовиш | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | = ★ жолта | = ★ жолта |
| 22 | Здравствен дом Ресен | ★ жолта | ★ жолта | ★ зелена | = ★ жолта | ↓ ★ црвена |
| 23 | Здравствен дом с. Ростуше | ★ зелена | ★ жолта | ★ зелена | ↑ ★ зелена | = ★ жолта |
| 24 | Здравствен дом Свети Николе | ★ жолта | ★ жолта | ★ зелена | = ★ жолта | ↓ ★ црвена |
| 25 | Здравствен дом Скопје | ★ жолта | ★ жолта | ★ жолта | = ★ жолта | = ★ жолта |
| 26 | Здравствен дом Струга | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | = ★ жолта | = ★ жолта |
| 27 | Здравствен дом Струмица | ★ жолта | ★ зелена | ★ зелена | ↓ ★ црвена | ↓ ★ црвена |
| 28 | Здравствен дом Тетово | ★ жолта | ★ жолта | ★ зелена | = ★ жолта | ↓ ★ црвена |
| 29 | Здравствен дом Штип | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | = ★ жолта | ↑ ★ зелена |
| **II.** | **Универзитетски клиники, општи, клинички и специјалистички болници** | | | | | |
| 30 | ЈЗУ Универз. клиника за радиотерапија и онкологија, Скопје | ★ црвена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 31 | Клиничка болница - Тетово | ★ жолта | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 32 | Клиничка болница "д-р Трифун Пановски" - Битола | ★ жолта | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 33 | Клиничка болница Штип | ★ жолта | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 34 | Општа болница - Струга | ★ зелена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 35 | Општа болница 8-ми Септември Скопје | ★ жолта | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 36 | Општа болница Борка Талески Прилеп | ★ црвена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 37 | Општа болница Велес | ★ црвена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 38 | Општа болница Кичево | ★ зелена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 39 | Општа болница Куманово | ★ црвена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 40 | Општа болница Охрид | ★ црвена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 41 | Општа болница со проширена дејност - Гевгелија | ★ црвена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 42 | Општа болница со проширена дејност - Дебар | ★ црвена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 43 | Општа болница со проширена дејност - Кавадарци | ★ жолта | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 44 | Општа болница со проширена дејност - Кочани | ★ црвена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 45 | Општа болница Струмица | ★ црвена | ★ црвена | ★ зелена | = ★ жолта | ↓ ★ црвена |
| 46 | Општа болница Ферид Мурад Гостивар | ★ црвена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 47 | Спец.болница по гинекологија и акушерство Мајка Тереза | ★ зелена | ★ зелена | ★ жолта | = ★ жолта | ↑ ★ зелена |
| 48 | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ↑ ★ зелена | = ★ жолта |
| 49 | Универзитетска клиника за детски болести | ★ жолта | ★ жолта | ★ зелена | ↓ ★ жолта | ↓ ★ црвена |
| 50 | Универзитетски институт за радиологија | ★ црвена | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 51 | Управа за електронско здравство | ★ жолта | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |

| Реден број | НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА | Просечна оценка по институција 2019 | Просечна оценка по институција 2018 | Просечна оценка по институција 2017 | 2019/2018 | 2019/2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **III.** | **Институти и Центри за јавно здравје** | | | | | |
| 52 | Институт за јавно здравје | ★ | ★ | ★ | = ★ | ↓ ★ |
| 53 | Институт за микробиологија и паразитологија | ★ | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 54 | Центар за јавно здравје Битола | ★ | ★ | ★ | = ★ | ↓ ★ |
| 55 | Центар за јавно здравје Велес | ★ | ★ | ★ | ↑ ★ | ↓ ★ |
| 56 | Центар за јавно здравје Кочани | ★ | ★ | ★ | ↑ ★ | ↓ ★ |
| 57 | Центар за јавно здравје Куманово | ★ | ★ | ★ | = ★ | = ★ |
| 58 | Центар за јавно здравје Охрид | ★ | ★ | ★ | ↑ ★ | ↓ ★ |
| 59 | Центар за јавно здравје Прилеп | ★ | ★ | ★ | = ★ | = ★ |
| 60 | Центар за јавно здравје Скопје | ★ | ★ | ★ | = ★ | = ★ |
| 61 | Центар за јавно здравје Струмица | ★ | ★ | ★ | ↓ ★ | ↓ ★ |
| 62 | Центар за јавно здравје Тетово | ★ | ★ | ★ | ↑ ★ | = ★ |
| 63 | Центар за јавно здравје Штип | ★ | ★ | ★ | ↑ ★ | = ★ |
| **IV.** | **Останати здравствени установи** | | | | | |
| 64 | Завод за рехабилитација на слух говор и глас Битола | ★ | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 65 | Завод за рехабилитација на слух говор и глас - Скопје | ★ | ★ | / ☆ | = ★ | / ☆ |
| 66 | Македонско лекарско друштво | ★ | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 67 | Медицински факултет Скопје - центар за семејна медицина | ★ | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| **V.** | **Министерства, агенции и фондови** | | | | | |
| 68 | Агенција за вработување на РСМ | ★ | ★ | ★ | = ★ | = ★ |
| 69 | Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ | ★ | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 70 | Генерален секретаријат на Влада на РСМ | ★ | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 71 | Министерство за внатрешни работи | ★ | ★ | | = ★ | / ☆ |
| 72 | Министерство за економија | ★ | ★ | ★ | = ★ | ↑ ★ |
| 73 | Министерство за животна средина и просторно планирање | ★ | ★ | / ☆ | ↑ ★ | / ☆ |
| 74 | Министерство за здравство | ★ | ★ | ★ | = ★ | = ★ |
| 75 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | ★ | ★ | ★ | ↑ ★ | ↑ ★ |
| 76 | Министерство за информатичко општ. и администрација | ★ | ★ | / ☆ | ↑ ★ | / ☆ |
| 77 | Министерство за култура | ★ | ★ | / ☆ | ↑ ★ | / ☆ |
| 78 | Министерство за надворешни работи | ★ | ★ | / ☆ | = ★ | / ☆ |
| 79 | Министерство за образование и наука | ★ | ★ | / ☆ | ↑ ★ | / ☆ |
| 80 | Министерство за одбрана | ★ | ★ | / ☆ | ↑ ★ | / ☆ |
| 81 | Министерство за правда | ★ | ★ | / ☆ | = ★ | / ☆ |
| 82 | Министерство за транспорт и врски | ★ | ★ | / ☆ | = ★ | / ☆ |
| 83 | Министерство за труд и социјална политика | ★ | ★ | / ☆ | ↑ ★ | / ☆ |
| 84 | Министерство за финансии | ★ | ★ | ★ | = ★ | ↑ ★ |
| 85 | Министерство за локална самоуправа | ★ | ★ | / ☆ | ↑ ★ | |
| 86 | Програма за развој на Обединетите нации | ★ | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |
| 87 | Фонд за здравствено осигурување на РСМ | ★ | ★ | / ☆ | ↓ ★ | / ☆ |
| 88 | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | ★ | ★ | / ☆ | = ★ | / ☆ |
| 89 | Централен регистар на РСМ | ★ | / ☆ | / ☆ | / ☆ | / ☆ |


Проектот е финансиран од Европската Унија

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка од Европската Унија.
Содржината на овој документ е во целосна одговорност на Здружението ЕСЕ и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.